Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕНА МУЗИКА

МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА 2024

27. 05. - 01.06. 2024

УГ „БЕЗИСТЕН“ 19 ЧАСОТ



27 МАЈ СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ

КАРЕЛ ДОХНАЛ - КЛАРИНЕТ (ЧЕШКА)

НАТАША ТРБОЈЕВИЌ - ПИЈАНО





28 МАЈ

АНГЕЛА БРАТИЌ - ФЛЕЈТА (СРБИЈА)

НАТАША ТРБОЈЕВИЌ - ПИЈАНО

ШИРИН АКБУЛУТ ДЕМИРЧИ - ПИЈАНО (ТУРЦИЈА)

МИЛИЦА ШКАРИЌ - ПИЈАНО

29 МАЈ





Киево


CamScanner ile tarandı

Милица Шкариќ дипломирала пијано во Париз во класата на Нелсон дел Вињ. Таа ги продолжила своите студии по пијано во класата на Евгениј Королјов на Факултетот за музичка уметност во Хамбург. Во текот на 2004-2005 оствари студиски престој како гостин професор на Факултетот за музичка уметност во Ен Арбор, САД. Докторирала на ФМУ Скопје. Носител е на три први републички награди по пијано, прва специјална награда на сојузниот натпревар на Југославија, четврта награда на натпреварот во Сенигалија, Италија, прва награда на натпреварот во Саребург, Франција и награда за корепетиција на „Елизе Мајер", Германија. Таа е стипендист на фондациите Албер Русел, Џилда Сантарели, Ото Штотерау, ДААД и американска програма за наставен кадар (JFDP). Настапувала во Франција, Германија, Италија, САД, Србија, Бугарија, Македонија и др. Од 2012 година Шкариќ е редовен професор по пијано и методика на наставата по пијано на Музичката Академија во Штип. Таа е почесен член на Фондацијата Зографски.

Универзитет„Гоце Делчев" Штип

МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕНА МУЗИКА 2024

ШИРИН АКБУЛУТ ДЕМИРЧИ, пијано
МИЛИЦА ШКАРИЌ, пијано



УГ„Безистен"
29.05.2024, 19 ЧАСОТ

CamScanner ile tarandı

ПРОГРАМА

1. B. Gençkal:-Bursa Güvendesi
- Al Fadimem
- Ben Yemenimi Al Isterim
- Evlerin Önü Nane Maydanoz Türküsü Üzerine Tema ve 12 Çeşitlemesi
- Menevşesi Tutam Tutam
- Bursanin Ufak Tefek Taşlari

(македонска премиера на овие пиеси инспирирани од народни танци од турскиот град Бурса)

2. А. Лековски: Елено, моме (светска премиера)

Ширин Акбулут Демирчи - пијано, Турција
Милица Шкарић - пијано, Македонија

Ширин Акбулут Демирчи завршила средно и високо музичко образование во Бурса, Турција. Добитник е на трета награда на меѓународен натпревар по пијано во 2000 година. Демирчи ги продолжила своите студии по пијано во Франција кај проф. Дезире Н'Кауа. Своит магистерски студии ги завршила на Државниот Тракиски конзерваториум во Едирне. Таа докторирала на Државниот конзерваториум Мимар Синан во Истанбул, Турција. Работела како асистент на Државниот конзерваториум Мимар Синан во Истанбул и на Универзитетот Бурса Улудаг. Во 2012 е добитник на наградата на Улудаг Универзитетот, во 2013 е носител на награда за изведувач, а во 2014 е носител на награда за проект. Демирчи има настапувано со бројни концерти во Турција, Унгарија, Италија итн. Таа сега предава пијано и камерна музика како професор на Бурса Улудаг Универзитетот и е директор на Балканскиот истражувачки центар.

CamScanner ile tarandı